РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2191/7
02-02-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 99-та седница одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2191/1 од 10.04.2023 година, оформен по пријава против --- со наводи за нецелосно извршување на Решение --- од --- година, донесено од страна на --- на РСМ, во врска со иницијатива доставена од страна на лицето ---, против овластениот градежен инспектор на ---, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување за предметниот случај. Постапувањето треба да продолжи пред другите надлежни органи.

Се укажува на градоначалникот на Општина --- за извршување на своите надлежности задолжително да постапи согласно член 50 став 1 точка 14 и член 57 став 3 од Законот за локална самоуправа, член 41 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.102/2019) и член 128, член 130 став 2 и член 142 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22).

Предметот со број 12-2191/1 од 10.04.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 10.04.2023 година, поднесена е пријава која се однесува на нецелосно извршување на Решение --- од --- година донесено од страна на --- во врска со иницијатива доставена од страна на лицето ---, против овластениот градежен инспектор на Општина ---.

Во иницијатива е наведено дека на лицето --- сопственик на градежно земјиште кое се наоѓа во Општина ---, му се оневозможува правото на градење со тоа што на негово земјиште се поставени незаконски времени објекти и за тоа има побарано од надлежните служби при Општина --- да ги превземат законските мерки за отсранување на истите. Од кога општинските инспекциски служби не преземале дејствија од нивна надлежност

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

поднесена е иницијатива до ---, кој постапил со донесување на Решение --- од --- година и доставување до Општина ---, но констатирано е дека од општината не постапила целосно.

По разгледување на предметните наводи, а во насока на утврдување на фактичката состојба, ДКСК писмено се обрати до градоначалникот на Општина ---, со барање за доставување информации во врска со постапувањето актите донесени од страна на Државен управен инспекторат.

Во нивниот одговор е наведено:

- За предметниот случај веќе е постапено од страна на ОЈО --- и превземени се соодветните дејствија од нивна страна.
- Овластениот градежен инспекор на Општина --- е распределен на друго работно место по лично барање од здравствени причини.
- Не се преземни сите административни дејствија за извршување на Решението --- од --- година од причина што работното место овластен градежен инспектор не е пополнето.
- Општина --- има доставено барање за меѓуопштинска соработка до повеќе општини од кои нема добиено одговор.
- Предметите од надлежност на овластениот градежен инспектор се препратени до --- кои одговориле дека не се во можност да ги превземат предметите, поради недостиг на градежни испектори.

Истовремено ДКСК достави барање за информации и податоци до Основно јавно обвинителство ---, да се изјаснат дали е оформен предмет по пријавата и дали е постапено од нивна страна.

Во одговорот на ОЈО --- се наведува дека е оформен предмет по пријавата, спроведена е кривична постака против овластениот градежен инспектор при Општина --- и поднесено е обвинителен предлог до Основниот суд во ---.

Основниот суд во Дебар донел пресуда со која го огласило за виновен општинскиот градежен инспектор при Општина ---.

По разгледување на доставените одговори, ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување. Постапувањето треба да продолжи пред другите надлежни органи.

ДКСК укажува на фактот дека и покрај донесената судска одлука, реалниот проблем кој го има наведено странката во иницијативата доставена до --- не е решен.

Од тие причини му се укажува на градоначалникот на Општина --- за извршување на своите надлежности задолжително да постапи согласно член 50 став 1 точка 14 и член 57 став 3 од Законот за локална самоуправа, член 41 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.102/2019) и член 128, член 130 став 2 и член 142 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22).

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.С
Одобрил: Н.Б

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk